Уп. бр.08-27

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија, доставено преку адвокат Андреа Лазаревска од Скопје, на седницата одржана на ден 24.03.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија стекнува контрола над друштвото Дигитал Кеибл Телевижн ООД Бугарија, со седиште на бул. Кукленско шосе 17, Софија, Бугарија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 25.02.2021 година а дополнето на 02.03.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија, со која Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија стекнува контрола над друштвото Дигитал Кеибл Телевижн ООД Бугарија, со седиште на бул. Кукленско шосе 17, Софија, Бугарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија е регистриран телекомуникациски оператор во Бугарија, кој работи под брендот "Vivacom" и обезбедува услуги на фиксна и мобилна телефонија, широкопојасен пристап до Интернет преку разни видови инфраструктура (оптички кабел, бакарна паричка и сателит) и пренос на податоци преку мобилната и фиксната мрежа во Република Бугарија.

Бугарското телекомуникациско друштво ЕАД Бугарија е дел од Јунајтед Груп *(United Group)* групацијата на друштва која пружа телекомуникациски и медиски услуги во неколку држави во регионот, а која е за возврат во сопственост на фондовите кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП *(BC Partners LLP)*, меѓународен инвестиционен фонд со седиште во Лондон.

Во Северна Македонија, БЦ Партнерс е присутен преку следните индиректно зависни друштва:

- **Тотал ТВ ДОО Скопје**, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа; и
- **ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, друштво основано согласно законите на Република Северна Македонија, со регистрирано седиште на адреса Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се бави со обединување на комуникациски, рекламни и медиумски услуги.

Дигитал Кејбл Телевижн ООД Бугарија е телекомуникациски оператор кој се занимава со давање на услуги на дистрибуција на медиумска содржина и пристап исклучиво во Бугарија. Работи под брендот Н3.

Дигитал Кејбл Телевижн ООД Бугарија нема поврзани друштва или активности во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**